Врз основа на член 3 став 1 алинеја 20 и член 13 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18), во врска со член 10 и член 13 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар бр.01-292/3 од 31.05.2018 година, Државниот испитен центар, распишува:

# ЈАВЕН КОНКУРС

*за избор на надворешни соработници-оценувачи*

Заради итно и неодложно спроведување на процесот на оценување на испитниот материјал од државната матура во предвидените рокови, Државниот испитен центар-Скопје распишува јавен конкурс за избор на надворешни соработници-***оценувачи на тестови од екстерниот дел на државната матура во учебната 2018/2019 година,*** по предметите:

- *Македонски јазик и литература;*
- *Албански јазик и литература;*
- *Турски јазик и литература;*
- *Англиски јазик;*
- *Француски јазик;*
- *Германски јазик;*
- *Руски јазик;*
- *Математика (на македонски наставен јазик);*
- *Математика (на албански наставен јазик);*
- *Математика (на турски наставен јазик);*
- *Физика (на македонски наставен јазик);*
- *Физика (на албански наставен јазик);*
- *Физика (на турски наставен јазик);*
- *Хемија (на македонски наставен јазик);*
- *Хемија (на албански наставен јазик);*
- *Хемија (на турски наставен јазик);*
- *Биологија (на македонски наставен јазик);*
- *Биологија (на албански наставен јазик);*
- *Биологија (на турски наставен јазик);*
- *Естетика / Филозофија (на македонски наставен јазик);*
- *Естетика / Филозофија (на албански наставен јазик);*
- *Филозофија (на турски наставен јазик);*
- *Бизнис (на македонски наставен јазик);*
- *Бизнис (на албански наставен јазик);*
- *Бизнис (на турски наставен јазик);*
- *Историја (на македонски наставен јазик);*
- *Историја (на албански наставен јазик);*
- *Историја (на турски наставен јазик);*
- *Социологија (на македонски наставен јазик);*
- *Социологија (на албански наставен јазик);*
- *Социологија (на турски наставен јазик).*

Оценувањето на тестовите ќе се врши во Скопје, во периодот од ***08.06.2019 година до 25.06.2019 година.***

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат соодветно високо образование;
- да имаат најмалку три години работен стаж во воспитно-образовна дејност;
- да реализираат настава во средно училиште по соодветниот наставен предмет.

Кандидатите потребно е да ги достават следните документи:

- пополнета пријава;
- копија од уверението/дипломата за соодветно високо образование;
- оргинал потврда дека реализираат настава по соодветниот наставен предмет, во средно училиште, со број на години работен стаж во воспитно-образовна дејност (не постара од три месеци).

Пријавата може да се преземе од веб-страницата www.matura.gov.mk

Пријавите со некомплетна и невалидна документација и ненавремено доставените пријави нема да бидат предмет на разгледување.

Кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови ќе бидат повикани на обука и тестирани, по што ќе следи конечен избор.

Кандидатите кои не присуствувале на обуката, не се земаат предвид во понатамошната постапка.

Конкурсот трае до **19.04.2019 година**.

Пријавата со потребната документација се доставува со препорачана поштенска пратка на следнава адреса: *Државен испитен центар–Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ бб 1000 Скопје,* со назнака з**а јавен конкурс и предметот за кој се пријавува кандидатот**.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР